ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Како дел од реномираната НЛБ Групација, Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови **НЛБ Фондови АД Скопје** е посветено на развојот на високостандардни услуги во управувањето со инвестициски фондови. Во рамки на нашата континуирана експанзија, отвораме можност за ангажирање на искусен професионалец на позицијата:

**ОДГОВОРНО ЛИЦЕ ЗА УСОГЛАСЕНОСТ СО ПРОПИСИ**

Опис на работната позиција:

- Подготовка и спроведување на годишниот план за усогласеност.
- Следење и анализа на прописите поврзани со работењето на Друштвото и инвестициските фондови.
- Спроведување на интерни проверки и контроли во согласност со регулативите.
- Комуникација со Комисијата за хартии од вредност на РСМ, државни и други надлежни органи.
- Подготовка на правни документи, внатрешни акти и упатства.
- Овозможување правна поддршка и консултации за сите сектори во Друштвото.
- Идентификација, проценка и управување со ризиците од неусогласеност.
- Подготовка на извештаи и план за усогласеност за Одборот на директори.
- Надзор над поплаки и жалби од клиенти и нивно ефикасно решавање.
- Обезбедување на спроведување на политики и постапки за внатрешна контрола.
- Континуирана едукација на вработените за усогласеност со прописите.

Потребни квалификации:

- ВСС – Правен факултет.
- Работно искуство од најмалку 3 години.
- Познавање на Законот за инвестициски фондови, Законот за хартии од вредност, Законот за заштита на лични податоци и Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам ќе се смета за предност.
- Одлично познавање на англиски јазик.
- Одлични аналитички и организациски способности.
- Способност за работа со рокови и под притисок.
- Способност за независно донесување одлуки и проактивност.
- Положен правосуден испит ќе се смета за предност.
- Познавање на уште еден странски јазик ќе се смета за предност.

Нудиме:

- Динамична и професионална работна средина.
- Тимска работа и пријатна атмосфера.
- Можност за развој и напредување во кариерата преку континуирани обуки.
- Долгорочен ангажман со можност за продолжување на договорот.

Работно време: Понеделник – Петок, 08:00-16:00 часот.

Работниот однос се заснова на определено време од 3 месеци, со можност за понатамошно продолжување на договорот.

Доколку сте во потрага по нови професионални предизвици и сакате да бидете дел од успешен тим, испратете ваша персонална биографија (CV) на следната e-mail адреса: nade.angelovska@nlbfondovi.mk, најдоцна до 20.03.2025 година.

Само кандидатите кои ќе бидат избрани во потесен избор ќе бидат контактирани заради спроведување на интервју. Изборот на кандидатот ќе биде извршен во рок од 30 дена по завршување на огласот.

За сите прашања поврзани со обработката на Вашите лични податоци, видете во Известувањето за приватност кое може да го најдете на следниов линк: Известување за приватност, или контактирајте го Офицерот за заштита на личните податоци на следнава е – адреса: marija.lozevska@nlbfondovi.mk .